
ARCTIC OCEAN
GREENLAND
CANADA
NORTH AMERICA
UNITED STATES OF AMERICA
MEXICO
EUROPE
RUSSIA
ASIA
CHINA
INDIA
JAPAN
AFRICA
SOUTH AMERICA
BRAZIL
CHILE
ATLANTIC OCEAN
PACIFIC OCEAN
EQUATOR
INDIAN OCEAN
OCEANIA
AUSTRALIA
ANTARCTIC
ANTARCTIC OCEAN
THE WORLD
Janod

**ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ И ПОСТИГНУВАЊАТА НА ДУХОВНО ПОЛЕ НА АРХИЕПИСКОПОТ НА МПЦ-ОА Г.Г. МИХАИЛ**

Македонија е традиционално имигрантско подрачје од каде преселничките движења на македонскиот народ и одењето во прекуокеанските други земји,се јавуваат кон средината на XIX век. Таквите движења особено се изразени во втората половина на XIX век, кои се познати како печалбарски движења.Тие се со променлив обем и интензитет и траат сè до денес.

Така,според некои податоци,првата група печалбари пристигнала на северно-американскиот континент во 1885 година, а во дваесеттите години од XX век и во Австралија.Меѓутоа,поединци, приклучени во печалбарските групи од соседните и други земји, заминале преку океанот и пред тоа.

Бранот на иселување од Македонија, главно, од традиционално иселеничките краишта: Леринско, Битолско, Преспанско, Костурско, Воденско, Тетовско, Охридско, Солунско, Струшко, Прилепско и други делови на Македонија се засилил по Илинденското востание, во 1903 година.

Меѓутоа, иселувањето на Македонците од својата земја било со засилен интензитет во периодот по поделбата на Македонија, во текот на балканските војни и Првата светска војна, што биле резултат,пред сè,на неподносливата политичко – економско, социјална и безбедносна состојба на македонското население.

Така, во тој период, според некои податоци, од сите три дела на распарчена Македонија околу 60 отсто од сите иселеници Македонци биле од егејскиот,30 отсто од вардарскиот и 10 отсто од пиринскиот дел. Според специјалната комисија,пак,на Обединетите нации за Балканот, во Извештајот од 13 мај 1949 година,од Егејска Македонија се иселиле вкупно 232.000 Македонци, а на нивно место грчките власти доселиле и го колонизирале егејскиот дел на Македонија со бегалци (просвиги), претежно Турци со православна вера од Мала Азија.






**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**